Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 12, 27 октомври 2008 година

октомври 2008
Штип

СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *селекција и семепроизводство* на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *ентомологија* на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 6

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звањето доцент на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 11

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *градинарство* на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 16

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник за областа *здравствен менаџмент* на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 23

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област *здравствено осигурување и квалитет на здравственото осигурување* на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 24

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник по предметот Менаџмент на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 26

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник по предметите Трудово право, Јавна администрација и други сродни дисциплини на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 33

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент по група предмети од областа *информатички технологии* на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 33

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев” – Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, дипл. правник Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕТО ДОЦЕНТ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

Врз основа на донесената Одлука број 0210-80-5 на редовната седница на Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет во Штип, одржана на 25.9.2008 год., избрани сме за членови на Рецензентска комисија за изготвување на реферат за избор на наставник во звањето доцент за предмети од наставно-научната област *механизација во земјоделското производство и преработка на земјоделските производи.*

На распишаниот Конкурс од страна на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, објавен во дневните весници „Дневник“ и „Лајм” на 29.8.2008 год., се пријави само кандидатот д-р Зоран Димитровски, асистент на предметот Механизација во земјоделското производство на Земјоделскиот факултет во Штип.

Врз основа на член 132, став 1 до 5 од Законот за високото образование на РМ („Сл. весник на РМ“ бр.35/2008), а во согласност со актите на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Статутот и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања, и по увидот на целокупната приложена документација, Рецензентската комисија во состав:

1. проф. д-р Ристо Кукутанов, вонреден професор - претседател
2. проф. д-р Љупчо Михајлов, вонреден професор - член
3. проф. д-р Мичо В. Ољача, редовен професор - член

има чест на Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет во Штип да го поднесе следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Основни биографски податоци***

**Д-р Зоран Димитровски** е роден на 20 јануари 1966 год. во Скопје, каде го завршува своето основно и средно образование.

Дипломира во 1992 година на Земјоделскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје, насока Поледелство, со што се стекнува со право на стручен назив *дипломиран земјоделски инженер.*

На 12.11.1992 год. се вработува во средното земјоделско училиште ДСУ „Браќа Миладиновци“ во Скопје, како наставник по предмети од земјоделска струка: Мотори и трактори и Земјоделски машини. Својот магистерски труд со наслов „*Влијанието на категоријата трактори орачи и бројот на погоните врз потрошувачката на директна енергија и работните ефекти*” го пријавува на Земјоделскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје. Магистерскиот труд успешно го одбранува на 3.7.1998 година со што се стекнува со право на научен степен *магистер на земјоделски науки,* насока - Механизација.

Во 2002 година се вработува на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, како технички соработник на Катедрата за педологија, агрохемија и мелиорации, каде учествува во повеќе домашни и меѓународни проекти.

Докторскиот труд со наслов „*Узроци и последице несреча при експлоатацији трактора у пољопривреди*” го пријавува на Земјоделскиот факултет во Белград, Универзитет во Белград, Република Србија. Докторскиот труд успешно го одбранува на 12.1.2007 година, со што се стекнува со право на научен степен *доктор на биотехнички науки,* област - земјоделска техника.

Во 2007 година кандидатот д-р Зоран Димитровски е избран во соработничко звање - асистент на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, за предметот Механизација во земјоделското производство.

***Наставно-образовна дејност***

Кандидатот од 1992 до 2002 година работи во средното земјоделско училиште ДСУ „Браќа Миладиновци” во Скопје, како наставник по предмети од земјоделска струка: Мотори и трактори и Земјоделски машини. Покрај директното учество во наставата, кандидатот во овој период активно учествува:

- на републичките тракторски натпревари на средните земјоделски училишта од Република Македонија, како ментор на училишната екипа од 1993 до 2002 год.;
- на државните натпревари на земјоделските работници - тракористи на Република Македонија, како член на Комисија за оценување, организирани преку Народна техника на Македонија од 1994 до 2000 год.;
- во работата на Уредувачкиот одбор за издавање учебници на „Просветно дело” - Скопје, како член на Уредувачкиот одбор од 1995 до 1997 год.;
- во изработката на учебникот „*Мотори и трактори*“ од авторот д-р Драги Таневски за I година средно образование, земјоделска струка, како рецензент во 1995 год. и на второто дополнето издание во 2003 год.;
- во изработка на нови наставни планови и програми за предметите од земјоделска струка преку Бирото за развој, како член на комисија во 1997 год.;
- во периодот 1998 – 2000 год. на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје хонорарно ја изведува практичната настава по предметите: Основи на земјоделската техника и Механизација во земјоделското производство на Катедрата по земјоделска техника.

***Научноистражувачка и стручно апликативна дејност***

Во изминатиот период кандидатот учествува на бројни научни собири, конференции, семинари и објавува повеќе научни и стручни трудови во земјава и во странство од обласа на земјоделството, експлоатацијата на земјоделската техника и заштитата и безбедноста на земјоделските работници во земјоделското производство, како автор и коавтор.

- Tanevski, D., Dimitrovski, Z. 1998: *Uticaj kategorije traktora i broj pogona na potrošnju goriva, Jugoslovensko drustvo za pogonske mašine, traktore i održavanje, Pravci razvoja traktora i mobilnih sistema*. Zbornik radova „Traktori i pogonske mašine”, Vol.3. No.3., Novi Sad, str. 151 – 154.
- Димитровски, З., 1998: *Влијанието на категоријата на трактори орачи и бројот на погоните врз потрошувачката на директна енергија и работните ефекти*. Магистерски труд, Земјоделски факултет – Скопје, стр. 117.
- Димитровски, З., 2000: *Влијанието на бројот на погоните кај тракторот IMT 5136 DV врз степенот на ситнење на почвените агрегати*. Зборник на трудови „Факултет – Стопанство“, Земјоделски факултет, Скопје, стр. 53 – 60.
- Димитровски, З., 2000: *Влијанието на бројот на погоните на тракторот ИМТ 577 ДВ врз пролизгувањето и потрошувачката на директна енергија.* Зборник на трудови „Факултет – Стопанство“, Земјоделски факултет, Скопје, стр. 61-67.
- Ољача, В. М., Ружичиќ, Л., Таневски, Д., Димитровски, З. 2002: *Сметачките системи во контрола на работните процеси на земјоделската механизација.* Годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна, Скопје, Vol 47, стр. 89 – 97.
- Ољача, В. М., Димитровски, З., Ружичиќ, Л., Таневски, Д., 2002: *Причини за несреќи при работа со земјоделските машини*. Годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна, Скопје, Vol. 47, стр. 99 – 111.
- Dimitrovski, Z., Oljača, V.M., Ružičić, L., Tanevski, D. 2004: *Nesreće sa vozačima traktora i javnom saobraćaju Republike Makedonije.* VIII Naučno-stručni skup sa međunarodnim učešćem, Aktualni problemi mehanizacije poljoprivrede, časopis „Poljoprivredna tehnika“, Poljoprivredni fakultet Univerziteta u Beogradu, No2, Beograd, str. 55 – 61;

- Dimitrovski, Z., Tanevski, D., Raičević, D., Ružičić, L., Oljača, V. M., 2005: *Analiza uzroka i posledica pojave trajne invalidnosti rukovaoca u radu TMA u poljoprivredi Makedonije*. Jugoslovensko drustvo za pogonske mašine, traktore i održavanje, Pravci razvoja traktora i mobilnih sistema, Zbornik radova „Traktori i pogonske mašine", Poljoprivredni fakultet, Novi Sad.
- Tanevski, D., Dimitrovski, Z., Raičević, D., Ružičić, L., Oljača, V. M.,2005: *Vreme i mesto događanja nesreća sa traktorima u Republici Makedoniji*. Jugoslovensko drustvo za pogonske mašine, traktore i održavanje, Pravci razvoja traktora i mobilnih sistema, Zbornik radova „Traktori i pogonske mašine", Poljoprivredni fakultet, Novi Sad.
- Tanevski, D., Dimitrovski, Z., Oljača, M., Raičević, D., Ružičić, L. 2005: *Analiza posledica događanja nesrećnih slučajeva u radu traktora*. IX Naučno-stručni skup sa međunarodnim učešćem, Aktualni problemi mehanizacije poljoprivrede, časopis „Poljoprivredna tehnika", Poljoprivredni fakultet Univerziteta u Beogradu, No4, Beograd, str.115-123.
- Dimitrovski, Z., Tanevski, D., Oljača, M., Raičević, D., Ružičić, L. 2005: *Nesreće sa prevrtanjem traktora u Makedoniji*. IX Naučno-stručni skup sa međunarodnim učešćem, Aktualni problemi mehanizacije poljoprivrede, časopis „Poljoprivredna tehnika", Poljoprivredni fakultet Univerziteta u Beogradu, No3, Beograd, str.115-122.
- Oljača, V.M., Gligorević, K., Branković, M., Dimitrovski, Z., Tanevski, D. 2005: *Primena elektronskih komponenti na traktorima i radnim mašinama u funkciji povećanja sigurnosti i eksploatacije*. IX Naučno-stručni skup sa međunarodnim učešćem, Aktualni problemi mehanizacije poljoprivrede, časopis „Poljoprivredna tehnika", Poljoprivredni fakultet Univerziteta u Beogradu, No1, Beograd, str. 107-118.
- Dimitrovski, Z., Tanevski, D., Oljača, M., Raičević, D., Ružičić, L. 2006: *Prventivne mere u sprečavanju udesa sa traktorima u poljoprivredi Republike Makedoniji*. X Naučno-stručni skup sa međunarodnim učešćem, Aktualni problemi mehanizacije poljoprivrede, časopis „Poljoprivredna tehnika", Poljoprivredni fakultet Univerziteta u Beogradu, No2, Beograd, str.17-29.
- Dimitrovski, Z., Tanevski, D., Oljača, M., Raičević, D., Ružičić, L. 2006: *Tragične posledice i teške telesne povrede kod dece u nesrećama sa traktorima u Republici Makedoniji*. X Naučno-stručni skup sa međunarodnim učešćem, Aktualni problemi mehanizacije poljoprivrede, časopis „Poljoprivredna tehnika", Poljoprivredni fakultet Univerziteta u Beogradu, No2, Beograd, str. 31-39.
- Димитровски, З., 2006: *Повреди и несреќи при експлоатација на тракторите во земјоделското производство*. Годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна, Скопје, Vol 48.
- Dimitrovski, Z., 2006: *Uzroci i posledice nesreća pri eksploataciji traktora u poljoprivredi*. Doktorska disertacija, Poljoprivredni fakultet, Univerzitet u Beogradu, Beograd-Zemun, str. 189.
- Prof. d-r Mićo V Oljača, prof. d-r Dragiša Raičević, prof. d-r Lazar Ružičić, prof. d-r Đuro Ercegović, d-r Milorad Đokić, prof. d-r Rade Radivojević, dipl. ing. Kosta Gligorević, prof. d-r Jovan Todorović, prof. d-r Ratko Vujović, dipl.ing. Igor V. Vujović, d-r Luka Radoja, dipl.ing. Janko Denić, dipl.ing. Miloš Pajić, dipl.ing. Milorad Branković, dipl.ing. Živorad Ristić, prof. d-r Dragi Tanevski, d-r Zoran Dimitrovski, m-r Marijan Dolenšek. 2007: *Opasnosti i nesreće u eksploataciji mobilne poljoprivredne mehanizacije.* Monografija, Poljoprivredni fakultet, Univerzitet u Beogradu, Beograd, str. 260.
- Dimitrovski, Z., Oljača, V. M., 2007: *Najčešće lokacije nesreća sa traktorima u Republici Makedoniji*. XI Naučno-stručni skup sa međunarodnim učešćem, Aktualni problemi mehanizacije poljoprivrede 2007, časopis „Poljoprivredna tehnika", Poljoprivredni fakultet Univerziteta u Beogradu, No3, Beograd, str. 89-97.

Во овој период учествува и во неколку проекти:

– Regional Project on "Fertigation for Improved Crop Production and Environmental Protection" IAEA/FAO, Виена, Австрија, 2001 – 2004;
– Development of a Land Information System and its Implementation in Agriculture and Environmental Protection, Slovenian-Macedonian Intergovernmental S&T cooperation program, 2004 - 2005;
– Upgrading of Food Safety in the Republic of Macedonia, IAEA, Виена, Австрија, 2005 – 2006;
– Тренинг центар за наводнување и управување со водата во земјоделството, UNESCO, 2006 - 2007.

Учество на научни собири:

- Средба „Факултет – Стопанство“, Факултет за земјоделски науки и храна, Скопје, 2000 год.
- Меѓународен научен собир „Pravci razvoja traktora i mobilnih sistema“, Jugoslovensko drustvo za pogonske mašine, traktore i održavanje, Poljoprivredni fakultet, Novi Sad, 1998 и 2005 год.
- Меѓународен научен собир „Aktualni problemi mehanizacije poljoprivrede“ Poljoprivredni fakultet Univerziteta u Beogradu, Beograd, 2004, 2005, 2006 и 2007 год.
- 10. Интернационален конгрес за механизација и енергија во земјоделството, Анталија, Турција, 2008 год.

Од последниот избор до пријавување на Конкурсот за избор во звањето доцент, кандидатот објави два труда. Рецензијата на претходните негови трудови за избор на соработник во наставно-научната област земјоделско машинство и механизација се објавени во „Универзитетскиот билтен“ бр. 4 од 10.11.2007 година.

**1.** Димитровски, З. (2008): *Безбедно да се ракува со тракторот.* Списание за земјоделство и рурален развој „Моја земја“, бр. 33, Скопје, стр. 42-43.

Во овој стручен труд кој е објавен во списанието „Моја земја“, наменето за поттикнување на земјоделството и руралниот развој, се опишани основните правила за правилно ракување и одржување на тракторите во земјоделското производство. Целта на трудот е да се зголеми безбедноста и сигурноста на фармерите при експлоатација на земјоделската механизација. Тргнувајќи од фактот дека повредите и несреќите со учество на фармер-трактор и во Република Македонија претставуваат црна точка на земјоделското производство, посебно внимание е посветено на причините за несреќите. Истражувањата кои ги вршел кандидатот потврдиле дека во несреќите со земјоделската механизација учествуваат фармери од сите старосни групи. Потоа се опишани постапките според кои треба да се придржуваат фармерите пред употреба и за време на експлоатација на тракторот во земјоделски услови.

**2.** Dimitrovski, Z. (2008): *Consequences of Tractor Accidents in the Agriculture in Republic of Macedonia.* 10th International Congress on Mechanization and Energy in Agriculture, Akdeniz Univerzity, Antalya, Turkey, (PP_120).

Авторот во овој научен труд, објавен во Зборникот на *10. Интернационален конгрес за механизација и енергија во земјоделството* ги презентира резултатите од истражувањата на последиците од тракторските несреќи во земјоделското производство во Република Македонија. За време на овие истражувања од 1999 до 2003 година во тракторските несреќи се повредени 610 лица во земјоделското производство. Од нив 544 лица се повредени во сообраќајните несреќи со трактори на јавните патишта и 66 лица при работа со трактор во земјоделски услови. Од вкупниот број на повредени лица, 101 лице починале, а 172 лица се здобиле со тешки телесни повреди. Во сообраќајните несреќи со трактори, 151 лице се здобиле со тешки телесни повреди, а 21 лице во несреќите со трактори во земјоделски услови. Со лесни телесни повреди за време на истражувањето се регистрирани вкупно 337 лица. Понатаму авторот наведува дека главни причини за тракторските несреќи

во земјоделското производство во Република Македонија се: невнимание на ракувачот на тракторот, неприспособена брзина според сообраќајните знаци и условите на патот, употреба на алкохол и неисправност на тракторот.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изложените податоци за досегашната активност во наставно-научната дејност и постигнатите резултати на пријавениот кандидат, Рецензентската комисија заклучи дека д-р Зоран Димитровски поседува научни, стручни, педагошки и морални квалитети, според актите на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Статутот и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања, за да биде избран во звањето доцент во наставно-научната област *механизација во земјоделското производство и преработка на земјоделските производи* на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, **д-р Зоран Димитровски** да го избере во звањето **доцент** на наставно-научната област ***механизација во земјоделското производство и преработка на земјоделските производи.***

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Ристо Кукутанов, претседател, с.р.**
**Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“- Штип**

**Проф. д-р Љупчо Михајлов, член, с.р.**
**Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“- Штип**

**Проф. д-р Мичо В. Ољача, член, с.р.**
**Земјоделски факултет „Универзитет во Белград“ - Белград**